РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК — KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА — KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr. 09-791/1
18-02-2021 г./v.

Врз основа на член 22 став 7 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 46-та седница, одржано на ден 12 февруари 2021 година, донесе

**Одлука**

Постапката по предметот 09-28 од 2020 година СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 09-28/1 од 02.01.2020 година, бидејќи наводите од пријавата дека постои состојба на судир на интереси при спроведување на постапка за давање под закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост - нива од 637m2 која се води со КП -------- во катастарска општина ------------, вон град ----------------, не се потврдени.

Предметот со број 09-28/1 од 02.01.2020 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-28/1 од 02.01.2020 година е оформен врз основа на анонимна пријава со наводи дека постои состојба на судир на интереси при спроведување на постапка за давање под закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост - нива од 637m2 која се води со КП ----------- во катастарска општина ----------------, вон град --------------, односно наведено е дека Раководителот на подрачното одделение на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во ----------------, ---------------, искористувајќи ја својата положба како раководно лице успеал да добие на користење на наведеното државно земјиште од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство и истото да го запише на својата сопруга ------------. Споменатата парцела според наводите во пријавата претходно била користена како пристапен пат за лица кои имаат свои имоти, но со ново настаната состојба и со добивање на право на користење, лицата се оневозможени да имаат пристап до своите имоти. Во прилог е доставен Јавен оглас бр. ------------- за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини до 3 хектари.

Државната комисија, заради утврдување на наводите од пријава, од Агенција за катастар на недвижности побара информација:

- Во чија сопственост се наоѓа земјоделското земјиште - нива од ----------- која се води со КП ----------- во катастарска општина -------------, вон град ----------------,

- Да се достави Уверение за историски преглед на извршените запишувања во Катастар на недвижности за земјиштето на КП -------------- во катастарска општина --------------, вон град ------------- ( уверение за движење на земјиштето на КП ------------ во катастарска општина ---------, вон град ----------------).

Понатаму, од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство беше побарано:

- Дали лицето ----------------- е Раководител на подрачното одделение на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во ---------------,
- Дали на истото лице му е дадено под закуп земјоделско земјиште во државна сопственост – нива од -------------која се води со КП ---------- во катастарска општина -------------, вон град ------------,
- Доколку КП ----------- во катастарска општина -----------, вон град ------------ е дадена под закуп на наведеното лице, да се достави целокупната документација за давање во закуп на земјоделското земјиште во државна сопственост за површина од 3 хектари, која ја спровело Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство по Јавен Оглас --------------.

Од доставената документација од Агенција за катастар на недвижности, се констатира дека на земјоделското земјиште - нива од ------------која се води со КП ------ во катастарска општина ----------, вон град -----------, право на сопственост има Република Македонија видено од Имотен лист број: ---, Катастарска општина ---------- – вонград кој е доставен во прилог. Понатаму согласно Уверението за историски преглед на извршените запишување за КП ------- КО --------- – Вонград од 1996 година со стапување на сила Катастар на недвижности за КО ------------- – Вон, во постапка на системско запишување, наведената парцела е запишана на РМ, исто така се води денес, со што не се потврдува наводот дека Раководителот на подрачното одделение на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во Св. Николе, -----------, успеал да добие на користење на наведеното државно земјиште од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство и истото да го запише на својата сопруга ------------.

Од доставената документација од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство се констатира дека лицето ------------- е вработен на работно место Советник за управување, обработка и анализа на податоци од регистрите на министерството, Сектор за организација и координација на подрачните единици ПЕ ------------- бр. ----/1 од 07.08.2018 година и има овластување за времено вршење на работи и работни задачи на работно место Раководител на подрачна единица ---------- со Решение бр. -----------/19 од 15.07.2019 година. Понатаму од наведеното министерство информираат дека лицето ----------- од ------------, нема учествувано на Јавен оглас ---------, односно нема доставено понуда за учество на Јавен

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

оглас бр. ------- за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површина до 3 хектари.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: С.М, виш соработник
Одобрил: м-р В.Г, Член на ДКСК

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска